Ладислав Клима

# КАКО ЌЕ БИДЕ ПО СМРТТА

БИБЛИОТЕКА – *АРС МАГНА*

За Издавачот
*Филип Димевски*

Уредник
*Наталиа Лукомска*

Наслов на оригиналот
*Jak bude po smrti, Ladislav Klíma*

Превод од чешки јазик
*Маргарета Карајанова*

Јазична редакција
*Филип Димевски*

Компјутерска обработка
*Бегемот*

Ликовно уредување
*Бојан Димитријевиќ*

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

*Ладислав Клима*

# КАКО ЌЕ БИДЕ ПО СМРТТА

Бегемот

# СОДРЖИНА

Патувајќи до градот Д. ................................................ 7

Стотици, стотици жени ............................................. 20

Хелена Марна ............................................................ 26

Славна Немезис ......................................................... 32

Вистински настан што се случи во Постморталија ... 118

Како ќе биде по смртта ............................................ 125

Чудна случка ............................................................ 141

# ПАТУВАЈЌИ ДО ГРАДОТ Д.

Патувајќи до градот Д. втасав до селото М., само неколку минути оддалечено од мојата цел. Беше крај на октомври, попладне. На незаматеното небо блескаше весело сонце облевајќи ги со сонувачки, впечатлив сјај нивите и црната прекрасна шума што се простираше на исток од селото – а мене ме делеше од целта на патувањето.

Сопрев во гостилницата и каснувајќи нешто го прашував гостилничарот како најбрзо да стигнам до Д. Ми одговори:

„Најкусиот пат е директно низ шумата, по него за три-три и пол часа можете сигурно да сигнете до градот. Но, ве предупредувам, не е препорачливо да се оди по тој пат без водич: има бројни крстопати и делници, речиси секој туѓинец што оди сам залутува. Инаку, можете да ја заобиколите шумата; ќе втасате до Д. дури за пет часа. Од север не можете да ја заобиколите – таму шумата се протега на околу десет часа пат.“

„Ќе тргнам низ шумата – и без водич“, одговорив, „веќе сум поминал поголеми и понапуштени шуми – и

кога сум ја губел вистинската патека, зашто ме водела извонредната смисла за насока: низ сите пустини сум одел само по интуиција – и секогаш сум доаѓал до целта."

„Како сакате, господине. Само да не зажалите. Човек без да осети залутува в шума. А се раскажува..."

„Што се раскажува?"

„Ех, глупости! Ни јас не верувам!"

„Па, кажете! Дека има арамии? Или страшила, хаха?"

„Ќе ми се смеете... Сепак, нема да залутате ако точно се држите до податоците што ќе ви ги дадам."

Подробно ми објаснуваше каде треба да одам, ми ја опиша секоја делница, секој крстопат, не заборави ниту еден паднат трупец. Испишав четвртина лист и благодарејќи му на човекот, тргнав на пат.

Беше десет часот. Неколку белузлави облачиња светеа на небото правејќи ја повесела едноличната азурна пустина. Со највесело расположение возбудено брзав кон шумата – која никогаш нема да ја заборавам.

Се најдов во првата борова шума и во истиот миг речиси наеднаш сонцето престана да свети. Слабо непријатно чувство ме обзеде уште во мигот пред да помислам: »Глеј! Токму кога излегуваш од шумата, се стемнува, денеска првпат...« Ми беше непријатно, ме обзеде искушение да ја заобиколам шумата... Но, засрамен втонав во зелениот полумрак. Сонцето пак светна и веселото расположение ми се врати. Бргу сфатив колку корисни и точни биле упатствата на гостилничарот. Стварноста беспрекорно се совпаѓаше со моите белешки. Можев да се потпрам на нив како на најдобра мапа.

Околу еден час чекорев така без најмала случка. Во почетокот сретнав неколку луѓе, а потоа никого. Гробната тишина нарушена само од моите чекори и

овде-онде од некое шумолење – верно ме следеше, лулајќи ме во сон. Облачињата на небото станувaa побројни и поголеми – азурот меѓу нив сè посив – сè дури конечно не се слеа со облаците во еднолично сивило, од кое сепак на десната рака ме зрачеше разлеаното сончево колце. Сонувањето ми станувашe сè подлабоко, минатите времиња станувaa од мртвите, живеев во нив како во сегашност, губев чувство за тоа што ме опкружуваше, на мигови не го чувствував ни своето тело... Колку долго траеше таа состојба?

Од неа ме оттргна жуборот на планинскиот кладенец, небаре минаа само неколку минути... Го погледнав часовникот. Беше единаесет и петнаесет. Кога за последен пат го погледнав, беше петнаесет до единаесет; од тој миг не знаев ништо, ништо освен тоа што се случуваше во мојата душа.

Кладенец, тесно мовче преку него... ништо од тоа немаше во моите белешки – а гостилничарот ме предупреди за многу понезабележителни работи... Залутав... Сепак, одам ли во вистинската насока? Барам сонце – залудно! Сивиот небесен ѕид се згуснал, не можеа да се проврат ни зраците на семоќното сончево око... Ја загубив и насоката... Чувството што тогаш ме обзеде беше премногу страшно, хиперболично. »Загубен сум!«, ми се вгнезди смешната помисла. »Некоја чудовишна моќ ме држи во своите канџи – го затемнила сонцето на влезот во шумава, фрлила судбоносно затемнување врз мене, ќе ме уништи«. Се сетив на загадочните зборови на мојот советодавач.

Сепак, веднаш собрав сила. »Па, можам да се вратам и брзо да се најдам на местата од моите белешки!« Така си реков, се засмеав и побрзав назад.

Но, ги заборавив крстопатите. За една минута стоев на еден од нив. Хартијата не ми зборуваше за него. – Каде сега?

Не ми остануваше ништо друго освен да се решам за еден пат – да откријам дали ќе ме однесе до забележаните места; ако тоа не се случи, да се вратам на крстопатот – кој добро си го врежав в ум – и да се обидам по друг пат.

Тука одам лево. Но, патот повторно бргу се дели. Повторно тргнувам влево – за неколку минути нова делница.

»Не, тука на крај ќе се загубам!«, си реков. »Ќе се вратам до оригиналниот крстопат и ќе појдам по срекниот десен пат. За час ќе се најдам до објектот за кој станува збор на мојот лист.«

Така и направив... Сепак, и десниот пат се разгрануваше на сите страни... Се осмелив подалеку одошто по левиот пат – конечно застанав.

»Ако одам понатаму, нема да го погодам оригиналниот крстопат, ниту пак некоја сигурна точка што ми остана... Ќе се вратам таму – и подобро е да размислам. Има доста време – само петнаесет до еден е.«

Едвај се вратив таму; лутината, која чудно зимаше замав во мене, ми ја поматуваше смелоста... Длабоко здивнав кога се најдов таму. Седнав на трупец, запалив цигара и размислував. Небото сѐ повеќе се затемнуваше, темните круни како оживеани страшила шумолеа тресејќи се сѐ посилно, воздухот се излади и студ ми ги кршеше нозете.

»Ми остануваат две работи«, си реков, »или полека да го проучам сиот овој дел од шумата, трпеливо и систематски да ги поминам сите патеки, сѐ дури нужно не дојдам до местата за кои се зборува во белешките. Сепак, тоа може да трае неколку часа – а какво ли внимание ќе треба за да не се залута сосема во лавиринтов! Можам да одам и по интуиција – сѐ во една насока, не обѕирајќи се на патеките. На сред пат

сум меѓу Д. и М. До еден и пол морам да излезам од шумата, било да тргнам на исток, на југ, или на запад. А ако тргнам на север? Таму шумата се протега на десет часа одење... Ме следи лоша среќа – сигурно би тргнал на север... Што беше тоа? Капка од небото... Да преноќиш на мов, мокар како сунѓер, со прокиснатата облека како покривка?«

Возбудлива алтернатива! Се решив за првата можност.

Прво тргнав влево, решен да се држам во почетокот за секоја делница од патот што води лево. Тричетири пати направив така. Но, потоа крстопатите беа толку бројни што небаре шумата ја премерувале и ја делеле геометри. Сè поочаен и позбунет постапував според својот план – но никаде нешто што би ме одвело до правилната трага. Густ дожд шлапкаше чврчорејќи врз круните на дрвјата, на мене паѓаа тешки капки.

„Не, тука не е можно да се постапува според мојот план“, извикав бесно. „Пак ќе се вратам на друго место, можеби ќе ми биде попознато!“ Се враќав – но не се вратив. Сосема залутав во лавиринтот. Бесно и без размислување трчав натаму-наваму – облеката ми беше накисната – и конечно запрев.

„Ѓавол да земе сè!“, извикав. „Ваквиот проникнлив, систематски метод не води никаде – ниту во мојата ситуација, ниту во животот, ниту во политиката. Храброста! Таа прави чуда! Смелиот скок води подалеку одошто глупавото слепо одење според книга! Што знаеме? Што знаеме за успешното, за штетното? Што е нашиот резон? Во рацете на судбината сме, а таа сака искреност! Ќе тргнам по интуиција, три наспрема еден дека ќе успеам! Ако тргнам на север – ѓавол нека носи сè! Зарем не ни се заканува најлошото постојано и постојано. Зарем не ни се клешти смртта

од најнасмеаната насмевка?“ И како што стоев, зачекорив енергично напред, решен да одам низ шуми и долини, преку потоци и најгуст честар...

Во која насока одев? Сега знам...

Половина час чекорев... Повторно ме обзимаше очајно расположение. И претходно ми падна на ум да барам помош... Белки и во оваа злодоба луѓето се блиску. Сепак, тој повик ми се чинеше толку понижувачки што не можев да се решам на него. Конечно – сепак! »Не може да штети«, си реков и затрубив со сета сила: „Помош! Помош!“

Застанав. Беше тишина. Брзав напред. Ми се чини дека пред мене во шумата свети... „Помош!“, крикнав третпат...

„Еј! Кој е тоа?“, тапо зазвучи силен глас.

Чудно! Наместо да се израдувам, почувствував страв. На крајот, тоа беше природно: ако по долга тишина чуеме силен глас длабоко в шума, секогаш ќе се исплашиме – како во читалница кога службеникот ќе објави дека е време да се напушти просторијата! А не пак во длабочината на шумата! Сепак, стравот ми беше невообичаено силен, чуден, речиси ужасен... Колената ми попуштаа. „Тука!“, затрубив конечно. „Залутав, посоветувајте ме...“

„Идам“, зазвучи толку силно небаре непознатиот е на десет чекори – а не гледав никого... Конечно на стотина чекори наsрев машка става што брзо се приближуваше. Му тргнав во пресрет...

Застанавме лице во лице, а мене ме обзеде нов ужас.

Непознатиот беше средовечен маж. Темната, полуградска-полуселска облека му ги криеше рацете и нозете. Бледиот лик му беше обраснат во црна коса и брада; нешто ужасно лежеше во неговите скаменети, злокобни црти. Во црните очи имаше нешто мртовеч-

ки вкочането и наполу диво. Како целина оставаше силен, наркотичен впечаток каков што не сум имал во близина на ниеден човек. Непрекинато ме гледаше неподвижно, без збор.

„На патот до Д.", конечно изустив, „ја загубив насоката. Ако одам во оваа насока со Господ напред, каде ќе стигнам?"

Не одговори, погледот постојано му беше сосема неподвижно устремен и страшен. Го повторив прашањето. Повторно никаков одговор.

Се созедов потпрен на дрво, со рацете скрстени на гради, гледајќи го чудниот човек исто приковано како и тој мене. Околу две минути поминаа во чудната ситуација. Повторно неспокојно се обѕрев наоколу – појасно од претходно забележав дека шумата свети во насоката во која одев. Да – несомнено – крај на шумата! Предизвикан, извикав злобно:

„Што значи вашето чудно молчење? Зборувајте или одете по ѓаволите!"

„Одевте", конечно одговори со глас чија тивкост беше нападен контраст на претходното трубење, „одевте по најлошата насока, одевте на север. За среќа, ме сретнавте мене!"

„Па?", извикав стаписано. „Но, онаму завршува шумата!"

„Тоа е само голема чистинка, по неа шумата е долга уште девет часа, полна карпи и наклони. Ноќе убаво би скршиле врат – ваша среќа. Одам до Ц., село близу до градот. Дојдете со мене, ќе ве извлечам од шумата.

Зборуваше бавно, испрекинато, како со ужасен напор. Сепак, во тоа немаше ништо смешно и дотолку повеќе беше ужасно. Во никој случај не ме воодушеви понудата да одам со него. »Веројатно е крадец од банда што се крие во шумава«, ми падна

на ум. »Веројатно на тоа ме предупредуваше гостилничарот.« „Благодарам, ќе дојдам!“, реков. „Но, дозволете ми прво да ја ѕирнам ливадата – заради ориентација.“

„Со господ напред. Господ да ве чува!“, рече и бргу замина... Постојав малку, па како кутре побрзав по страшното човече. Извесно време чекорев по него без зборови; не се обѕре. „Да не ве навредив?“, конечно прашав.

Без одговор.

„Ќе ме извлечете од шумава?“

Тишина. Ме обзеде лутина – набрзина решен се упатив накај светликавата шума. »Ѓавол да те земе, момче!«, помислив. »Ќе се снајдам и без тебе!«

Не изодев ни триесет чекори кога зачув: „Дојдете! Ќе ве извлечам!“

По кусо колебање побрзав кон него по вторпат.

Штом се најдов зад него, загледуван во црниот грб, ме напушти срдбата. Нешто тешко, страшно, ме облегна правејќи ми збрка во мислите.

Долго време не се осудував да прашам. На крајот изустив:

„За колку време ќе втасам до градот?“

Повторно не добив одговор. И јас молчев. Околу десет минути. Наеднаш се одѕва: „За половина час ќе излезете од шумата, за петнаесет минути сте в град.“

»Овој е луд«, си помислив. „Во кој правец одиме сега?“

»Можеби гледа недоверба во прашањето. Ми се лути. Зошто не би бил добар човек.« Имав намера да го следам без збор.

Помина околу половина час. Тогаш си реков: »На лош пат сме. Направивме полукруг – вака едвај ќе дојдеме до целта.« Му го кажав тоа.

„Така ви се чини, на добар пат сме.“

Но мене и понатаму не ми изгледаше така. Сепак, сè уште молчев и ме совладуваше кукавичлак. Некако се задлабочив – небаре црниот грб беше магнет. Сета волја исчезна од мене. Сонцето иташе кон запад, светлиот зрак се гасеше, дождот се сталожи, бевме во густата шума, која ја освојуваше самрак. „Мина еден час – излеговме ли?“, конечно извикав слабачки луто.

„Сега ќе се разделиме“, рече без колебање, „морам влево за да втасам до своето село. Вие одете само напред, не можете да залутате. За неколку минути ќе се најдете на ливада. Ќе ја поминете. Брзо ќе дојдете до плот; прескокнете го; тоа е шумскиот расадник, но не плашете се! Никој нема да ве сретне, а и да ве сретне, ќе платите казна или мито, што е подобро одошто да го заобиколите, да залутате и можеби да скршите врат на карпите. Ќе поодите уште минута низ шумичката и ќе ги видите светлата на гратчето.“

Заминуваше без поздрав... Застанав изненаден... Неговите чекори стивнаа – веќе не му се распознаваше ставата.

»Се сокрил во честарот«, ми падна на ум... »Се работи за интрига – сега веројатно доаѓа најлошото... Што да се прави?«

»Што да се прави?« Не можеше со сигурност да се одговори. »Што знаев со сигурност? Можев ли на нешто да се потпрам? Веројатно беше измамник, или лудак, а можеби и сосема добар човек што ме казнуваше за мојата недоверба. Веројатно чека во честарот за да ме следи скришум и да ми го покаже вистинскиот пат кога ќе залутам – за да ми подаде рака со добронамерна насмевка на крајот... Да одам сега со Господ напред? Но, ако е измамник, тој и неговата банда ќе можат да ме нападнат каде било – нема да им побегнам! Ако е сепак во право – многу ќе погрешам ако не го послушам. Да – ќе го послушам!«

Тргнав во дадената насока. За миг навистина стоев на чистина – патот навистина се разделуваше, тргнав директно ни чистината по многу калливата патека. За три-четири минути навистина се најдов покрај плот. Над мене висеше табла; не можев да прочитам што пишува на неа – силниот ветар веднаш ги гасеше кибритчињата. »Зошто се трудам да прочитам«, си реков. »Знам што има на неа; душевно сум растроен штом правам вакви работи.« И ја прескокнав оградата. Чекорам по патот сѐ покаллив, за малку чевлите ќе ги оставев во калта. Тогаш почна да ми се буди нов, чуден страв. Беше многу нејасен, но сепак интензивен... Конечно ми падна камен од срце, ми се ослободи чекорот... »Боже, што ми се случува? Сега ќе се случи страшното нешто, кое ми навестуваше помрачување на сонцето«, ми светна в глава.

Наеднаш се зачу глас на ѕвоно – чукање... Ох, никогаш не сум чул некој звук со толкава радост. По часовите упорно, страшно, неопишано страдање – тивкиот, свет и нежен звук ме повикуваше на спасение, човечки ме мамеше кај себе, возвишено ме избавуваше од тажната темнина на страшната шума. Со сигурност нагаѓав дека доаѓа од лево сметајќи дека сребрената направа е оддалечена едвај петнаесет минути одење...

Штом ги извадив нозете од калта, итав назад, како без душа додека да излезам на вистинскиот пат. Дотрчав до плотот, го прескокнав, се затрчав во шумата и секавично се вдадов по познатиот пат влево.

Тука наеднаш блиску зад мене се чу страшен глас: „Што правите? Вратете се! Одите во пропаст... Стојте, луд човеку! Ќе загинете! Слушајте ме... Вратете се, не знаете што правите! Луд човеку! Кукавица! Будала!“

По мене се чу брз тупот, но и понатаму трчав. Сиот се наежив, но итав сѐ побрзо. Тупотот се стиши

– се зачу кикот – налудничав, нечовечки, долготраен кикот небаре се смееше самата страшна шума...

Конечно и кикотот го снема и повторно надвладеа тишината на сребрениот свет звук посилен од претходно... Но само за миг... Се стиши...

Сепак – речиси во истиот миг наоѓајќи се на работ од чистината – забележав три-четири неподвижни светла на неколку стотици чекори пред мене – нема да ги отсликувам своите претчувства.

Многу вознемирен се најдов меѓу куќичките на бедно селце; колку што распознав, од трите страни беше обиколено од шума, а на четвртата се простираше голина. Недалеку ме кибицираа неколку момчиња... Ах, глетката на човечки суштества никогаш не ме исполнила со толкаво блаженство, со толкава љубов како сега! Па, сепак, се колебав да не се привиденија...

„Каде е кафеаната?“, извикав како пијан. „Па, гледате во неа!“, гласеше одговорот.

„Јуху, ура! Фала!“, извикав. По мене се зачу детски кикот, а мене ми доаѓаше да ги избакнам момчињата.

„Можам да преноќам тука?“, викнав втурнувајќи се на шанкот, каде што во тој миг се наоѓаа младиот крчмар со интелигентен лик и неговата стара мајка. „Можете“, одговори гледајќи ме со смрзнат поглед.

„Фала Богу“, извикав повторно. И да беше Д. оддалечен само на неколку минути, не би одел таму, толку се вљубив во селцево, толку се радував дека сум нашол некаков азил... „Накиснав – зајмете ми некоја облека, ќе платам за неа колку што сакате“, и веднаш го фрлив палтото.

Отпрвин ме гледаа зачудено, но набргу нападно љубезно: толку им беа насмеани лицата, толку ведри, облевајќи ме со радост. За неколку минути бев преоблечен и бос. О, какво блаженство почувствував

сега, безбедно одморајќи се седнат покрај огништето, пиејќи неубаво пиво, кое ми се чинеше најдобро на светот!

„Па, пријателе, колку далеку е Д.?“, прашав тогаш.

„Можете да втасате за три и пол часа.“

„По ѓаволите! На која страна од шумата сум?“

„На западната... Морате да ја минете целата шума за да втасате до Д.“

„Ах, тој никаквец! Свиња... Близу ли е барем до В.?“

„За петнаесет минути сте таму.“

Затоа седум часа трчав низ шумата! Зошто – за да... Толку многу колнев, не се опишува. Потоа им раскажав за сè...

Ме слушаа со голема напнатост. Жената неколкупати се прекрсти. А кога раскажував како камбаната ме привлече да не одам низ расадникот, ми се уфрли во зборот:

„Благодарете му на Бога! За неколку чекори ќе сте паднеле во мочуриште до колена – ќе пропаѓавте сè подлабоко, за четвртина час калта ќе ви била преку глава. Светиот дух ве спасил, Бог ве сака. Бог ве ослободил од канџите на пеколната моќ.“

„На пеколната моќ?“

„Тоа бил шумскиот дух – или мртовец – или самиот ѓавол – но не е човек. Се појавува в шума на залутаните патници на околу пет години, од памтивек. Секогаш во есен кога по јасно претпладне сонцето ќе се затемни и ќе се спуштат ветер и дожд. Денес му реков на синот: знаеш Јосеф? Да не дојде денес повторно ако некој несреќник залута в шума! И дошол! Ги води луѓето таму-ваму, конечно ги завлекува до мочуриштето и ги зима како жртва. Некои мислат дека е шумскиот дух. Порано, кога луѓето не обрнуваа внимание

и прво ќе ја заобиколеа шумата, не се појавуваше, но откако испресекоа многу патеки, се одмаздува за нарушениот мир и за раните од секири. Други велат дека е душата на некој дивјак од село З., кого пијани младичи од село М. го удавиле во мочуриштето пред неколку века зашто ја завел најубавата девојка од нивното село. Затоа се одмаздува!“